


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**17-31 дек 2024 Билтен бр. 580**

# ИЗГЛАСАН БУЏЕТОТ И ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

**Според планираните активности на локалната самоуправа, денеска заседаваше Советот на Општина Карпош кој во рамки на 58-мата седница ги разгледуваше предлог – точките кои се најдоа на Дневниот ред. На самиот почеток на денешната седница, сите советници едногласно ја поддржаа Предлог – точката со која се осудува говорот на омраза и родова дискриминација на новинарот Миленко Неделковски, кој неодамна го примени против советничката од Општина Карпош, Татјана Стојановска, пишувајќи кон неа статус на социјалните мрежи со навредлива содржина. Во таа насока, градоначалникот Стевчо Јакимовски од советничката говорница ги повика сите здруженија на новинари и медиумски работници, јавно да го осудат ова недолично однесување и пред с□ неодговорниот чин на новинарот Неделковски.**

**Во продолжение на седницата по деталната презентација на структурните компоненти на финансиската конструкција, со мнозинство гласови од советниците беше изгласан Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. Инаку, општинскиот Буџет е изработен врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тој претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства кој ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, дотации, кредити и самофинансирачки активности.**

**Оттука, Министерството за финансии ја извести Општината дека максималниот износ на сопствените приходи на основниот буџет за 2025 година ќе изнесува 722.056.000 денари, а средствата кои општината ќе ги добие како приход од ДДВ за 2025 година ќе изнесуваат 26.342.000 денари. Според тоа, висината на вкупниот износ на основниот Буџет на Општина Карпош ќе изнесува 803.490.000 денари. Во овој случај, консолидираниот Буџет ќе изнесува 1.587.570.000 денари, а истиот содржи четири планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општината во текот на наредната година. Имено, даночните приходи заземаат 42,4% или поточно 650.192.000 денари од приходната компонента на Буџетот, неданочните приходи учествуваат со 5,9% или со 90.325.000 денари, капиталните приходи со 0.8% односно со 12.650.000 денари, додека пак, најголемата ставка од приходната компонента им припаѓа на трансферите и донациите кои изнесуваат 50,9% или попрецизно 779.311.000 денари.**

**Расходниот дел на Буџетот на Општина Карпош го сочинуваат повеќе програми и подпрограми кои се поврзани со работата и функционирањето на локалната самоуправа. За реализација на Програмата на Советот на Општината се предвидени тековно оперативни расходи поврзани со работата на Советот на општината и исплата на камата и главницата на земените кредити од светска банка, во вкупен износ од 18.870.000 денари. За работа на урбаните заедници според Програмата за Месна самоуправа се предвидуваат 1.355.000 денари, а во рамки на Програмата за локален економски развој се предвидени средства за тековно оперативни расходи во вкупен износ од 37.905.000 денари. Имено, во оваа Програма се распоредени и**

# ЈАКИМОВСКИ ДОБИ ПЛАКЕТА ОД ВЕТЕРАНИТЕ НА ВК ВАРДАР

**ВК Вардар Ветерани му додели плакета на градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски во знак на благодарност за големата поддршка што ја дава на овој спорт, а особено за поддршката за организацијата на годинешниот традиционален Меѓународен турнир во ватерполо за ветерани (над 35 години) „13 Ноември – Скопје", што се одржа во базенот на СЦ Борис Трајковски.**

**На турнирот, покрај домашната екипа учествуваа екипи од Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора, а освен претставници од поранешна Југославија, на турнирот учествува и екипи на ватерполисти-ветерани, кои доаѓаат од Грција, Бугарија, Турција, Словачка, Јапонија и Велика Британија. Првото место и пехарот го освоија ВК Вардар Ветерани.**



# ТРЕТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ СО ПРИЗНАНИЈА ОД ЊУЈОРК,САД

Шеснаесет основци од ООУ „Лазо Трповски“предводени од одделенската наставничка Ирена Грегориќ и предметниот наставник Стефан Симовски, добија престижни признанија за своите ликовни творби, со кои учествуваа на 27. Меѓународен ликовен натпревар „Пријатели на мирот 2024“ кој се одржа во Васек, Њујорк, САД. Станува збор за третоодделенците Магдалена Ќурчинска, Андреа Славковска, Ирис Граоркоска, Петрит Адеми, Нора Муфтарова, Јован Симовски, Илина Наумоска, Антонио Ѓорѓевиќ, Давор Гавриловски, Ѕен Иљовски, Филипе Георг Вучков, Ана Тренчовска, Дарија Димоски, Лина Јаневска, Лукас Трајковски и Мила Синадинова, кои годинава со своите ликовни дела конкурираа на меѓународниот натпревар во чии рамки се аплицираа повеќе од 4.500 ученици од 123 земји во светот. Темата на годинашниот ликовен натпревар кој традиционално се одржува во Њујорк носеше наслов „Љубовта почнува со мене“, а училиштето од општина Карпош – „Лазо Трповски“ веќе четврт пат едноподруго учествува на овој реномиран натпревар. Целта на овој глобален проект кој изминативе 27 години се реализира под покровителство на УНИЦЕФ е поттикнување на свеста кај децата ширум светот (на возраст од 5 до 16 години) за креативно изразување. Оваа меѓународна програма има за цел да ги поттикне децата преку креативни активности да бидат посветени кон промовирање на мирот и создавање иднина во која ќе владеат хармонијата и меѓусебното разбирање. Ликовните творби на учесниците од ООУ „Лазо Трповски“ ќе бидат изложени на светската изложба, која ќе се одржи следната година во Њујорк.



# ЕКИПАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ГО ОСВОИ ПЕХАРОТ НА НОВОГОДИШНИОТ ТУРНИР ВО ШАХ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2024“

**Екипата на Општина Карпош го освои пехарот на новогодишниот турнир во шах „Ѓорче Петров 2024“ во организација на општина Ѓорче Петров со убедливи пет победи од пет одиграни кола.**
**Тимот на Карпош играше сигурно од почеток до крај, особено на првите две табли, каде што Орце Дамчевски на првата табла и Ивана Манова на втората табла, која воедно беше и единствена дама меѓу учесниците, имаа учинок од максимални пет победи. На третата табла играше Ненад Мирчевски кој освои три поени, доволни да се осигура победата. И покрај одличниот настап на екипата, турнирот беше крајно неизвесен, а победникот се решаваше буквално во последното коло, за што „највиновни“ беа шахистите од тимот Пензионери (1).**
**По четири одиграни кола лидери на табелата беа карпошани со исто толку победи и освоени 10 поени. Пензионерите пак, имаа само еден пораз и тоа од екипата на Карпош, а на табелата заостануваа со само еден поен.**
**Во последното и највозбудливо коло, тимот на Карпош одигра стабилно и без грешка, совладувајќи ја Општина Гази Баба со максимални 3:0 и со вкупно 13 поени само го потврди првото место. Кај пензионерите за момент попушти концентрацијата и дозволија да загубат половина поен од домаќините па така турнирот го завршија со 11,5 поени, доволни само за сребрен медал.**
**Бронзениот медал пак, заврши на градите на шахистите од тимот на Ѓорче Петров Пензионери (2) кои исто така одиграа доста квалитетно и освоија шест поени.**



# ОПШТИНА НА ДЛАНКА

**Општина Карпош се приклучува на кампањата „Општина на дланка“.**

**Со задоволство ја објавуваме нашата поддршка за кампањата „Општина на дланка“, иницијатива која има за цел да ја зголеми транспарентноста и отчетноста во локалната самоуправа преку подобрена употреба на општинските веб-страници.**

**Кампањата е подготвена од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа. Нашата општина активно соработува со овој проект со цел:**

**Подобрување на управувањето со општинските јавни финансии;**
**Поефикасно планирање и извршување на буџетот;**
**Зголемување на фискалната транспарентност и отчетност;**
**Унапредување на прибирањето приходи од сопствени извори;**
**Поголем пристап до надворешни извори на финансирање;**
**Создавање услови за вклучување на приватниот сектор.**

**Целта на кампањата „Општина на дланка“ е да ги информира граѓаните и бизнисите за нивните права и обврски, како и да им обезбеди полесен пристап до општинските услуги.**

**Во рамките на кампањата, редовно ќе ги ажурираме нашите комуникациски канали со нови информации во надлежност на општината кои ќе ги поттикнат граѓаните да учествуваат во процесите на одлучување и да бидат активно информирани за функционирањето на општината.**

## ОДБОЈКАРКИТЕ ОД „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“ ПОВТОРНО ЌЕ ИГРААТ ВО ЗАВРШНИЦАТА ОД ПЛЕЈОФ НАТПРЕВАРИТЕ

На иницијативата за формирање на Локалниот совет за женско претприемништво и претходеше Декларацијата за подобрување и унапредување на положбата на женското претприемништво, која во февруари оваа година ја потпишаа градоначалникот Јакимовски и претседателката на Националната платформа за женско претприемништво, Валетина Дисоска. Инаку, во Локалниот совет членуваат градоначалникот Стевчо Јакимовски, сите советнички од локалната самоуправа во Карпош, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности, претставник на Националната платформа за женско претприемништво, како и претставнички од граѓанскиот, образовниот и бизнис секторот од општината.

Оваа платформа е воспоставена преку проект којшто е кофинансиран од ЕУ, а го спроведува Здружението на бизнис жени, во партнерство со Сојузот на стопански комори на Македонија, Националната федерација на фармери и Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување (МИР).



# ДЕЧИЊАТА ОД ГРАДИНКАТА „ПРОЛЕТ“ ДОБИЈА НОВИ ЕДУКАТИВНИ ИГРАЧКИ

**Нешто повеќе од 12 години, Одделението за детска, здравствена и социјална заштита од Општина Карпош континуирано ја спроведува акцијата за обновување и унапредување на фондот на играчки и дидактички материјали, наменет за дечињата кои се згрижени во предучилишните установи во Карпош. По тој повод денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски ги посети дечињата кои престојуваат во градинката „Пролет“ во населбата Козле, при што им ги врачи новите дидактички материјали за работа и учење. Станува збор за едукативни материјали наменети за најмладите карпошани за чија набавка Општината од својот Буџет издвои околу 200.000 денари.**

**Ми претставува задоволство што традиционално ја спроведуваме оваа акција за нашите најмали карпошани. Ние како институција ќе се погрижиме да го зголемиме фондот на дидактичкиот материјал кој значително влијае за подигнување на нивото на воспитно – образовниот процес во сите градинки на наша територија. Се надевам дека ќе наидеме на разбирање од Владата на Република Македонија која треба да ни овозможи повеќе вработувања на воспитувачки и негувателки, кои треба да придонесат за поквалитетно згрижување на нашите дечиња во предучилишните установи – истакна Јакимовски.**



# ДОНЕСЕНА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во рамки на 59-тата седница која се одржа вечерва во просториите на Општина Карпош, Советот заседаваше по четири точки кои се најдоа на денешниот дневен ред, меѓу кои беше разгледувана Предлог – Програмата за урбанистичко планирање за 2025 година. Станува збор за годишната Програма за работење на Секторот за урбанизам при локалната самоуправа, за чии активности се предвидени 2.000.000 денари од општинскиот Буџет.**

**Според основните цели на оваа Програма се наведуваат мотивите за изработка на деталните урбанистички планови, што претставува усогласување на предметниот простор со основните поставки со Генералниот урбанистички план на Град Скопје. Во таа насока се приложува и целосна анализа за да се добие сумиран преглед на состојбите во просторот, како би можеле да оформат стратегии и да се преземат правилни мерки за одржлив развој на општината. По опширната дебата, мнозинството советници ја поддржаа оваа Предлог-Програма.**

**Советниците ја изгласаа и Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства за одржување на Бадникови поворки во село Бардовци. За таа намена, Општината ќе одобри финансиски средства во висина од 100.000 денари. Членовите на Советот даде „зелено светло“ и за Одлуката за прифаќање на донација од КАМ маркет ДОО во вид на 300 детски новогодишни пакетчиња. Имено, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита од Општина Карпош ќе ги подели донираните новогодишни пакетчиња, на дечињата кои доаѓаат од семејства кои се наоѓаат во социјален ризик. Потребната поддршка ја доби и Предлог – Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, на улица Разловечко востание бб. Станува збор за недвижен имот кој ќе се даде под закуп за вршење на јавна дејност – детска градинка, за период до 10 години.**



# СИТЕ ОСНОВЦИ ОД КАРПОШ ПО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА РАБОТАТ НА ИНТЕРАКТИВНИ СМАРТ ТАБЛИ И ПАНЕЛИ

**Образовниот процес во сите 10 основни училишта во Карпош во кои учат учениците од прво до петто одделение, целосно се одвива согласно новата концепција за основно образование која беше донесена во 2021 година, подразбирајќи активно вклучување на основците во информатичкото современо општество. Поточно, сите образовни установи од Карпош, во рамки на своите училници за одделенска настава располагаат со интерактивни смарт табли и интерактивни панели. Според тоа, логично е дека во сите основни училишта на територија на локалната самоуправа е обезбедена интернет врска со соодветна ИТ инфрастуктура.**

**По тој повод денеска градоначалникот Стевчо Јакимовски направи обиколка на ООУ „Владо Тасевски“, каде непосредно присуствуваше на одделенската настава која се одвиваше во рамки на оваа образовна институција. Во оваа пригода првиот човек на Општина Карпош најави дека во текот на 2025 година, локалната самоуправа ќе продолжи со доопремување на сите училници каде учат основците од шесто до деветто одделение, односно дека ќе бидат набавени уште 84 интерактивни табли кои ќе бидат распоредени во работните кабинети по предметна настава.**

**Истовремено, Јакимовски откри дека Општина Карпош во секое училиште кое е под нејзина надлежност ќе отвори по една информатичка училница. За таа цел, локалната самоуправа ќе набави околу 250 нови компјутери, кои ќе бидат неопходна алатка за работа во овие училници.**



# ЈАКИМОВСКИ – 2025 ЌЕ БИДЕ ПОСВЕТЕНА НА ПРОЕКТИ ЗА МЛАДИТЕ

**Почитувани граѓани на општина Карпош,**

**Еве сме на крајот на 2024 година, за нас релативно успешна година. Годините си поминуваат, ние возрасните си староеме, а децата ни растат и се развиваат, па така решивме наредната 2025 година да биде година во знакот на младите и со желба да создадеме подобри услови за живот и работа на нашите деца. Наредната 2025 година ќе градиме две градинки, ќе градиме две спортски сали во ООУ Димо Хаџи Димов и во ООУ Братство, а на местото на градинката Пролет во Козле исто така ќе градиме нова градинка, како и градинката Мајски цвет во Тафталиџе 1. Во исто време очекуваме одобрување на проектот за проширување на градинката Пролет во населбата Влае 1, како и проширување на ООУ Димо Хаџи Димов. Освен тоа, во сите училници од сите десет наши општински училишта ќе имаме смарт панели, а во секое училиште ќе има по една училница опремена со најсовремени компјутери.**
**Сите училишта ќе бидат целосно реконструирани и на сите училишта ќе имаме ставено фотоволтаици за да ја намалуваме потрошувачката на електрична енергија.**
**Исто така на сите игралишта во училиштата ќе поставиме вештачка трева за да можат нашите најмлади безбедно да се дружат и да играат фудбал, како што сме денеска тука во населбата Жданец, во урбаната заедница Пецо Божиновски Кочо.**
**Така ќе продолжиме и со ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Војдан Чернодрински како и со училиштата Димо Хаџи Димов и Лазо Трповски. Што значи во секоја урбана заедница ќе имаме игралишта со вештачка трева каде што ќе можат да спортуваат.**
**Со желба да имате добро здравје, Ви ја честитам новата 2025 година и наредната година да бидеме повесели и посреќни и побогати, ако не со пари, барем со знаење.**

**Градоначалник на Општина Карпош**

